Enhanced Civic Engagement
for Environmental Protection

ПОКАНА

Почитувани,

Со задоволство Ве покануваме да учествувате на работилницата **„Граѓанско учество и заштита на правото на здрава животна средина“**, која ќе се одржи на **24.11.2026 год. (вторник), со почеток во 11:00 часот, во** Природонаучниот музеј во Скопје

бул. „Илинден“ бр. 86, 1000 Скопје

https://maps.app.goo.gl/rhabkbbvEBm4p3ph9

Работилницата се одржува во рамки на проектот „Зајакнато граѓанско учество во заштита на животната средина“, кој е поддржан од Expertise France, а се спроведува од страна на Македонското здружение на млади правници (МЗМП) во партнерство со Здружението за одржлив развој Милеуконтакт Македонија (МКМ), Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) и Здружение на граѓани ФЛОРОЗОН – Центар за еколошка демократија.

Работилницата е наменета за членови на локални заедници, граѓански организации, млади и сите заинтересирани граѓани од **општините од Скопскиот плански регион (Аеродром, Арачиново, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Зелениково, Илинден, Карпош, Кисела Вода, Петровец, Сарај, Сопиште, Студеничани, Центар, Чаир, Чучер-Сандево и Шуто Оризари),** кои сакаат активно да се вклучат во процесите на креирање мислење и донесување на одлуки за прашања поврзани со животната средина.

Патните трошоци за учесниците се покриени.

Проектот има за цел да ги охрабри и поддржи граѓаните проактивно да се вклучат во процесите на донесување одлуки поврзани со животната средина, како и подобро да ги користат правните механизми за заштита на своите права.

Преку практични примери и интерактивна дискусија, учесниците ќе имаат можност да се запознаат со:

• механизмите за вклученост на јавноста

• правата и законските можности за заштита на животната средина

• начини за покренување иницијативи и застапување на локални еколошки прашања

Настанот ќе овозможи простор за размена на искуства, идеи и заедничко креирање стратегии за подобра и поздрава животна средина.

Ве молам регистрирајте го вашето учество преку следниот линк:

https://forms.gle/74Z1geHVNCr5G2An7 или пријавете се на aleksandra.s@mkm.mk, најкасно до 23.11.2026 (понеделник).

Вашето присуство и учество се од особено значење.

Ве очекуваме!

ДНЕВЕН РЕД

Работилница: „Граѓанско учество и заштита на правото на здрава животна средина“

Датум: 24.11.2026

Локација: Природонаучнен музеј во Скопје

бул. „Илинден“ бр. 86, 1000 Скопје

https://maps.app.goo.gl/rhabkbbvEBm4p3ph9

Време	Опис
11:00 – 11:15	Регистрација и добредојде Кафе, чај, вода
11:15 – 11:45	Можности за учество на јавноста во процесите на донесување одлуки: • јавни расправи за законски решенија, документи и проекти • урбанистичко планирање • ОВЖС, СОВЖС постапки и ИЕД • комуникација со институции
11:45 – 12:30	Правна рамка и механизми за заштита на животната средина • поднесување претставки и иницијативи • пристап до информации • права на граѓаните според национални и меѓународни стандарди
12:30 – 13:30	Дискусија за локални еколошки предизвици и заеднички решенија
13:30 – 14:00	Вмрежување и неформална дискусија
14:00 – 14:30	Закуска и заминување на учесниците